Друштво за туризам,угостителство,
рекреација и спорт
СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА
ДООЕЛ
Shoqëria e turizmit,hotelierisë,
rekreacionit dhe sportit
QENDRA E SKIJIMIT KODRA E DIELLIT
SHPKNJP
Бр./Nr. 05-267/2
05.12.2024 год/viti
ТЕТОВО TETOVË

SKI CENTER
ПОПОВА ШАПКА
KODRA E DIELLIT

ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ НА ОБЈЕКТИТЕ ПРИКЛУЧЕНИ НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ ТЕТОВО

(05-267/2 од 05.12.2024)

Тетово,Декември, 2024

Почитувани,

Друштвото за туризам угостителство рекреација и спорт **СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ Тетово**, со адреса на купувачот : Ул. ,, Мурат Бафтијари "бб. 1200 Тетово , со контакт тел.:+389(0)44 330 464 и емаил: info@popovashapka.com.mk ,има потреба од набавка на :

- **Снабдување со електрична енергија за сопствени потреби на објектите на електродистрибутивниот систем**

За таа цел, СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ-Тетово (во понатамошниот текст - Набавувач) спроведува постапка за доделување на договор за набавка со Оглас во кој е поставен во делот ,, Набавки „ на страницата **www. popovashapka.com.mk**

Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда за горенаведената набавка за доделување на договор за набавка, најдоцна **до 13.12.2024 година до 15 часот** (по локално време) по пошта на горната адреса или лично со поднесување во архивата на **СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА** Тетово **.**

Исто така, Ве информираме дека Поканата за прибирање на понуди ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата и истата може да ја преземете во делот за Набавки од страницата **www.popovashapka.com.mk**, да ја добиете по електронски пат или лично да ја подигнете во просториите на архивата во **СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА** - Тетово .

Поканата се состои од следните делови:

- инструкции за понудувачите;
- технички спецификации;
- образец на понудата;
- изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба.

Однапред Ви благодариме на соработката.

Место и датум

Тетово,05.12.2024 година

Изготвил

Феријахе Вељија

Одговорно лице

ABDULGANI ALIJI

Инструкции за понудувачите

1. Корисник на услугите (во понатамошниот текст ,, Набавувач **")**

1. Набавувачот на услуги е Друштвото за Туризам Угостителсво Рекреација и Спорт СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ Тетово :

- Ул. ,, Мурат Бафтијари бр.бб , 1200 Тетово
- тел.:+389 (0) 44 330 464
- www.popovashapka.com.mk
- е-маил: info@popovashapka.com.mk
- Контакт лице: Кристина гроздановска 070348 571

2.Предмет на Договорот за набавка

2.1Предмет на договорот е набавка **на снабдување со електрична енергија за сопствени потреби на објектите приклучени на електродистрибутивниот систем** согласно Годишниот план за набавки за 2024 година на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ Тетово.

2.2 Предметот на договорот е неделив. Понудувачот во својата понуда треба да ги вклучи сите составни делови.

3. Начин на испорака

3.1. Продавачот е должен постојано и непрекинато да испорачува електрична енергија, предмет на договор, преку соодветниот електроенергетски систем до објектите на купувачот, наведени во техничката спецификација.
3.2.Договорот ќе се склучи за период од една година односно до целосно искористување на вкупната финансиска рамка предвидена за овој предмет на набавка.

4. Разлики во цена (корекција на цени)

4.1. Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на Договорот за набавка.

5. Рок на испорака

5.1. Продавачот на купувачот ќе му доставува фактура за испорачаната електрична енергија на месечно ниво согласно утврдената цена, согласно мерните места од Техничката спецификација.

Фактурите ќе се доставуваат во архивата на Друштвото на која припаѓа секое мерно место.
5.2.Купувачот е должен да го изврши плаќањето во рок од 15 (петнаесет) дена од пристигнување на фактурата во архива.

6. Начин на плаќање

6.1. Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - Понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка.

7. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите

За да учествуваат во постапката за доделување на Договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност и да ги достават следните докумнети :

7.1. Лична состојба

1)во последните 5 (пет) години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
2) на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и Договори за јавно приватно партнерство;
3) на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
4) понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
5) понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
6) на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија,дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност

Понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара Купувачот .

7.2 Способност за вршење професионална дејност

7.2.1 Понудувачот за докажување дека способен за извршување на предметниот договор за набавка од аспект на неговата професионална состојба за вршење на професионална дејност мора да достави и :

- Понудувачот треба да достави копија од Тековна состојбаи Потврда за регистрирана дејност (образец ДРД) не постара од шест месеци како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.
- важечка Лиценца за вршење енергетска дејност трговија или снабдување со електрична енергија издадена од Регулаторна Комисија за енергтетика и водни услуги на Република Северна Македонија, како доказ за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно законот.
- важечки договор со АД МЕМО за учество на пазарот на електрична енергија;
- важечки договор за балансна одговорност со АД МЕПСО, согласно Правилата за пазарот на електрична енергија за целосното времетраење на договорот, односно целосното времетраење на испоракта на електричната енергија.
- Копија од тековната состојба

7.2.2 Купувачот го задржува право, дополнително да ја провери веродостојноста на доставените документи

7.3. Техничка или професионална способност

7.3.1.Понудувачот за докажување на исполнувањето на минималните услови од аспект на неговата техничка или професионална способност треба да достави :

- IEC код издаден од АД МЕПСО – Скопје
- Изјава за прифаќање на балансна одговорност на Потрошувачот

7.3.2. Купувачот го задржува право, дополнително да ја провери веродостојноста на доставените документи.

8. Начин на докажување на способноста на понудувачот

8.1.Комисијата за набавки, доколку процени дека е неопходно да ја процени способноста на понудувачот, го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната и професионалната состојба.

8.2. Понудувачот за докажување на својата лична и професионална состојба поднесува и изјава дека ги исполнува предвидените критериуми за утврдување на личната и професионалната состојба, која е дадена во прилог на оваа Покана за прибирање на понуди. Комисијата ќе побара од понудувачот чија понуда ја утврдила за најповолна да ги достави потребните документи за утврдување на неговата лична состојба, доколку истите не ги доставил заедно со поканата.

9. Појаснување, изменување и дополнување на условите во Поканата за прибирање на понуди

9.1. Продавачот може да побара појаснување на Поканата или Техничките спецификации од Корисникот на услугата по телефон, во електронска форма или во писмена форма, најдоцна до 3 (три) дена пред крајниот рок за поднесување понудите.
9.2.Појаснувањето Купувачот ќе го достави до сите понудувачи што добиле или подигнале Покана за прибирање на понуди, без при тоа да се идентификува понудувачот што побарал појаснување.
9.3. Купувачот може по потреба да ја измени или дополни Поканата за предметот на набавка, најдоцна до 3 (три) дена пред денот на завршување на крајниот рок за поднесување на понуди и навреме да ги информира понудувачите за промените.

10. Изготвување и поднесување на понудите

10.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во Поканата за прибирање на понуди, со користење на обрасците дадени во прилог.

Понудувачот освен спецификацијата која е составен дел на Поканата за прибирање на понуди, може дополнително да достави своја форма на понудената стока доколку некои од стоките не се ставени во техничките спецификации.

Комисијата може да ја земе во предвид дополнетата спецификација доколку смета дека има потреба за набавка на таквите производи или истата да ја отфрли.

10.2. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Информации за понудувачот;
- Техничка понуда;
- Финасиска Понуда;
- Рок за испорака;

- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба.
-

10.3. Цена и Период на важност на понудата

- Понудувачот во листата на цени и рокови на испорака ја внесува цената. Рокот на испорака го дефинира во понудата.
- Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот и да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно.
- Цената на понудата се пишува со бројки и букви.
- Доколку одделна понуда содржи невообичаено ниска цена која е значително пониска од реалната пазарна цена што предизвикува сомнеж дека Договорот ќе биде извршен, од Корисникот на услугата понудувачот бара во писмена форма и пред одбивање на понудата, детали околу понудата за кои смета дека се важни и ги проверува доказите што биле доставени за оправдување на цената на понудата. Ако понудувачот не успее да објасни во писмена форма, кои се причините за таквата цена во рок од 3 (три) дена од датумот на поднесување на барањето, или пак ако Комисијата не ги прифати неговите причини, понудата ќе биде отфрлена.
- Цената на понудата се изразува во денари.
- Периодот на важност на понудата ќе изнесува 90 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите, за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.

11. Краен рок и место за поднесување на понудите

11.1. Краен рок за поднесување на понудите е **13.12.2024 год до 15:00 часот**. Понудите кои ќе пристигнат по наведениот краен рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошната евалуација.
11.2. Понудите се поднесуваат во архивата на Дирекцијата на СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ Тетово или по пошта со потврда за поштенска пратка на истата адреса и поштенски фах.

12. Критериум за доделување на Договорот

12.1.Критериуми за доделување на Договорот за набавка е најниска цена. За Давател на услугата ќе биде избран оној понудувач кој ќе понуди најниска цена, чија понуда претходно е оценета како прифатлива понуда врз основа на исполнувањето на условите за личната состојба на понудувачот и способноста за вршење на професионална дејност.
12.2.Прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од поканата за прибирање на понуди и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите.
12.3. Прифатливата понуда покрај најниска цена како основен критериум за доделување на договор, мора да ги задоволи и обезбеди потребниот степен на квалитет на стоката и навремената испорака во однос на предметот на набавка за потребите на СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ Тетово.

13.Евалуација на понудите

13.1 Комисијата за набавки ќе пристапи кон отварање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

14.Доделување на договорот за набавка

14.1. Купувачот , по спроведената евалуација на понудите, како последна фаза во постапката за Покана за прибирање на понуди, Договорот му го доделува на понудувачот чија понуда има најниска понудена цена и ги исполнува условите за прифатлива понуда.
14.2. Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата.

15.Известување за доделување на договорот за набавка

15.1. По завршувањето на изборот на носителот на набавката, Комисијата за набавки е должна да достави Известување до сите учесници во постапката за изборот на најповолната понуда најдоцна во рок од 5 (пет) дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

16Завршување на постапката за доделување на договор за набавка

16.1.Постапката за доделување на договор за набавка завршува на денот на потпишување на договорот за набавка од двете договорни страни или со поништување на постапката.

КОМИСИЈА ЗА НАБАВКИ

Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт
СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ Тетово

Прилог 1 – Образец на понуда

Врз основа на Огласот со бр.**05-267/2 од 05.12.2024** објавен од страна на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ Тетово, за доделување на договор за набавка на услуги за потребите на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ Тетово, со спроведување на постапка со Покана за прибирање на понуди, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот:
I.2. Контакт информации:
- Адреса:
- Телефон:
- Факс:
- Е-пошта:
- Лице за контакт:

I.3. Одговорно лице:
I.4. Даночен број:
I.5. Матичен број:

Дел II – Техничка понуда

По разгледувањето на тендерската документација, ја доставуваме нашата понуда за Снабдување со електрична енергија за сопствени потреби на објектите приклучени на електродистрибутивниот систем за период од една година и согласни сме да ги прифатиме условите, начинот и рокот на испорака утврдени во огласот .

Дел III – Финансиска понуда

Финансиската понуда со комплетната спецификација на понудените цени е доставена во прилог на Понудата.

-Вкупната цена на нашата понуда без ДДВ изнесува:_____ денари
со зборови:_____ денари

-ДДВ:_____ден или со зборови:_____денари

-Вкупна цена на понудата во Денари со вклучен ДДВ изнесува:_____
денари или со зборови:_____
денари

За финансиската понуда важи следново:

•Понудата за електрична енергија потребно е да се изрази во вредност за потрошен kWh и во неа треба да бидат вклучени трошоците за царина за увоз и балансирана одговорност.

•Во понудата за електрична енергија по kWh не треба да бидат пресметани трошоци за зелена енергија и трошоци за Операторот на пазар на електрична енергија

•Во понудата за цената на електричната енергија во двете тарифи потребно е да се вклучат и трошоците за балансирање. Понудувачот да прифати отстапување од претпоставените количини на електрична енергија на месечно и годишно ниво, бидејќи потрошувачката зависи од временските услови и температурите.

II.3. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

II.4. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

II.5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и понуда важи за периодот утврден во Поканата за прибирање на понуди и се согласуваме со условите и начинот на плаќање утврден во неа.

Дел IV – Рок на извршување на предметот на набавка

Извршителот е должен да ја извршува услугата сукцесивно во рок од 1 година , по потреба и на барање на купувачот , сметано од денот на склучување на Договорот за набавка.

ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

Ред. број	ОПИС	Предвидена количини во KWh	Единечна цена без ДДВ KWh/МКД	Вкупна цена без ДДВ во Денари
1	Тарифен степен Активна ВТ (висока тарифа) електрична енергија	**196.000,00**		
2	Тарифен степен Активна НТ (ниска тарифа) електрична енергија	**121.000,00**		
Вкупна цена на понудата во Денари без ДДВ				
ДДВ				
Вкупна цена на понудата во Денари со вклучен ДДВ				

- Доколку постои потреба, понудувачот треба да прифати пресметка на трошоци по договорената цена за електрична енергија и на други дополнителни места на потрошувача по барање на Купувачот или укинување на постојните.
- Понудувачот да ги почитува одредбите и правилата за снабдување со електрична енергија.
- Прегледот на потрошената електрична енергија е прикажан во kWh.
- Предвидените количини се ориентациони во зависност од климатските и температурните услови, за периодот од една година и договорниот орган не превзема обврска за целосно искористување на количините утврдени во спецификацијата.
- За сите предвидени прекини избраниот понудувач треба да го извести Купувачот најдоцна 24 часа пред прекинот.

Мерни места во СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА

Ред. бр.	Име на корисник	Бр.корисник	Мерно место	Мерна точка	Броило	Категорија	LP_SLP
1.	СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА	101843023	116867209000150	MK00010000000000000000115209000150	74600021	LV2	SLP
2.	СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА	101843023	116867209000900	MK00010000000000000000115209000900	50725067	LV1.2	LP
3.	СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА	101843023	116867209001800	MK00010000000000000000115209001800	54965069	LV1.2	LP
4.	СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА	101843023	116867209001900	MK00010000000000000000115209001900	50724919	LV1.2	LP
5.	СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА	101843023	116867209002000	MK00010000000000000000115209002000	96218072	LV1.2	LP
6.	СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА	101843023	116867209002200	MK00010000000000000000115209002200	54965045	LV1.2	LP
7.	СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА	101843023	116867209003000	MK00010000000000000000115209003000	54777807	LV1.2	LP
8.	СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА	101843023	116867209003100	MK00010000000000000000115209003100	01042515	MV2	LP
9.	СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА	101843023	116867209700240	MK00010000000000000000115209700240	012498217	LV2	SLP
10.	СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА	101843023	000000098782	MK00010000000000000000000000128413	57342817	MV2	
11.	СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА	101843023	000000202591	MK00010000000000000000000000169408	40535711		

Прилог 2 – Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба

ИЗЈАВА

Под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавувам дека понудувачот _____, во целост ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба на понудувачите утврдени во Поканата и условите наведени во Поканата за прибирање на понуди со бр.**05-267/2 од 05.12.2024** година за набавка на **Снабдување со електрична енергија за сопствени потреби на објектите приклучени на електродистрибутивниот систем** за **период од една година** објавен од страна на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ Тетово и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во Поканата за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои доколку не се доставени со Понудата ќе му бидат доставени на Корисникот на услугата доколку нашата понуда ќе биде избрана за најповолна во однос на наведените критериуми и прифатливи барања.

Место и датум

Одговорно лице

(потпис)